# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 17 | Среда , 24 октомври 2007 год. |
|---|---|

*www.strumica.gov.mk*


**С о д р ж и н а**

**Градоначалник на општина Струмица:**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 154. | **Спогодба за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село** ................................................ | 1 |


---

Врз основа на член 15 од Законот за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај ("Сл. весник на РМ" бр. 127/06) и врз основа на одлуки на: Советот на општина Струмица од 23.08.2007 година, Советот на општина Босилово од 19.06.2007 година, Советот на општина Василево од 22.06.2007 година и Советот на општина Ново Село од 22.06.2007 година, се склучи следната

## С п о г о д б а
## за начинот и условите за заедничко организирање на извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село

**I- Општи одредби**

Член 1

Со оваа Спогодба се утврдуваат начинот и условите за заедничко организирање на

извршувањето на линискиот превоз на патници за општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Со Спогодбата особено се утврдуваат:

- единствена мрежа на линии;
- единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување;
- локација на автобуските стојалишта, нивно обележување, опремување и менување;
- тарифен систем и систем на наплата и
- критериуми и начин за издавање и одземање на дозволата за вршење на превозот и распоредување на возните редови утврдени во единствената мрежа на линии на превозниците во заедничкиот превоз .

Член 2

Заедничкиот превоз се врши со моторни возила што ги исполнуваат условите утврдени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата и посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за општинскиот линиски превоз на патници.

Член 3

Проверка на исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови на возилата со кои се врши заедничкиот превоз на патници вршат овластени правни лица за вршење на технички преглед за регистрација на возила, согласно прописите за безбедност на сообраќајот и посебните техничко- експлоатациони услови пропишани за општинскиот линиски превоз на патници.

За возилата што ги исполнуваат посебните техничко- експлоатациони услови правното лице од став 1 од овој член издава потврда.

Член 4

За вршење на превоз во заедничкиот превоз на патници превозникот мора да има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници издадена од Градоначалникот на Општината во зависност од седиштето на превозникот, (регистрираното правно лице, односно адресата на превозникот) согласно одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај.

Член 5

Заедничкиот превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава Градоначалникот на Општината во зависност од седиштето на регистрираното правно лице, односно адресата на превозникот.

Член 6

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на заеднички превоз на патници откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определена линија кај Градоначалникот на Општината во зависност од седиштето на регистрираното правно лице, односно адресата на превозникиот.

## II - ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЛИНИСКИОТ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ЗА ОПШТИНИТЕ: СТРУМИЦА, БОСИЛОВО, ВАСИЛЕВО И НОВО СЕЛО.

Член 7

**Линија бр. 1**

**СТРУМИЦА - ГРАНИЧЕН ПРЕМИН (НОВО СЕЛО) и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат, Босилово, Турново, Секирник, Сушички пат, Зубовски пат, Ново Село, Смоларски пат, Ново Коњарево.***

**Линија бр. 2**

**СТРУМИЦА - СТАРО КОЊАРЕВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат, Босилово, Турново, Секирник, Сушички пат, Зубовски пат, Ново Село, Смоларски пат, Смоларе, Дражево.***

**Линија бр. 3**

**СТРУМИЦА- ЗУБОВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат, Босилово, Турново, Секирник, Сушички пат.***

**Линија бр. 4**

**СТРУМИЦА- СУШИЦА и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат, Босилово, Турново, Секирник.***

**Линија бр. 5**
**СТРУМИЦА- ИЛОВИЦА и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат, Босилово, Турново, Штука.***

**Линија бр. 6**
**СТРУМИЦА- РАДОВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат, Босилово, Турново.***

**Линија бр. 7**

**СТРУМИЦА- ЕДНОКУЌЕВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робовски пат.***

**Линија бр. 8**

**СТРУМИЦА- ДРВОШ и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Петралинци, Хамзали.***

**Линија бр. 9**
**СТРУМИЦА- СТАРО БАЛДОВЦИ и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Петралинци.***

**Линија бр. 10**

**СТРУМИЦА- БОРИЕВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робово, Муртино, Моноспитово.***

**Линија бр. 11**

**СТРУМИЦА- БАНСКО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робово, Муртино.***

**Линија бр. 12**

**СТРУМИЦА- МОКРИНО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Дабиле, Робово, Муртино, Банско, Габрово, Колешино, Борисово, Мокриево.***

**Линија бр. 13**

**СТРУМИЦА - ЧАНАКЛИЈА и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Просениково, Сарај, Гечерлија.***

**Линија бр. 14**

**СТРУМИЦА- ПИПЕРЕВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Добрејци***

**Линија бр. 15**

**СТРУМИЦА- ВАСИЛЕВО и обратно**

**Линија бр. 16**

**СТРУМИЦА- ДУКАТИНО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Владевци, Радичево (пат).***

**Линија бр. 17**

**СТРУМИЦА- СУШЕВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Владевци.***

**Линија бр. 18**

**СТРУМИЦА- ТРИБИЧИНО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Градашорци, Едрениково.***

**Линија бр. 19**
**СТРУМИЦА- СЕДЛАРЦИ и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Градашорци, Ангелци.***

**Линија бр. 20**

**СТРУМИЦА- РАДИЧЕВО и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Владевци.***

**Линија бр. 21**

**СТРУМИЦА - НОВА МААЛА и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Добрашинци.***

**Линија бр. 22**

**СТРУМИЦА - ВИСОКА МААЛА и обратно**

**Определени попатни стојалишта:**
***Василево, Добрашинци.***

### III - ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НЕГОВО ОДОБРУВАЊЕ, ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 8

Општините потписнички на оваа спогодба во почетокот на секоја година, а заклучно со ***31 јануари*** објавуваат оглас за одобрување на возни редови за нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Огласот се објавува на WEB-страната на Општината и во едно од јавните гласила.

Во огласот се определува рокот на поднесување на барањето и условите што треба да ги исполнува превозникот за да може да учествува на истиот.

Член 9

Возниот ред за определена линија во заедничкиот превоз го предлага превозникот на пропишан образец и се пополнува на македонски јазик, кој образец е составен дел на барањето за одобрување на возен ред и се доставува до Општината.

Член 10

Превозникот може да поднесе барање за одобрување на возен ред за патничка, дирекна и скратена линија. Патничка линија е линија која покрај почетната и крајната станица има и попатни станици. Дирекна линија е линија која има само почетна и крајна станица без попатни станици.Скратена линија е линија која почетна станица е населено место утврдено како попатна станица во линиите од член 7 , а крајна станица е Струмица и обратно.

Член 11

При утврдувањето на предлогот за одобрување на возни редови за нови линии, односно за промена на возни редови на одобрени линии, превозникот треба да води сметка за временските интервали на поаѓање доколку има најмалку две заеднички станици на иста траса, кој изнесува:

| должина на линија во км | минимални временски разлики | |
|---|---|---|
| | во минути | во минути |
| | патнички | директни |
| | пред/после | пред/после |
| 0-20 | 10 | 10 |
| 21-40 | 20 | 20 |

При утврдување на возен ред на директна линија помеѓу општините потписнички на спогодбата не се земаат во предвид возни редови за патнички линии.

Член 12

Возниот ред треба да гласи на име на превозникот .

Доколку превозот го вршат заеднички повеќе превозници, возниот ред треба да гласи на сите превозници.

Односите на превозниците од ставот 2 од овој член се утврдуваат со посебен договор (заверен кај нотар) кој се приложува кон барањето за доделување на возниот ред.

Член 13

Барањето за одобрување на возен ред се поднесува до Општината, во рокот определен во објавениот оглас, во затворен плик, препорачано по пошта или со потврден прием во архивата на Општината.

Член 14

Барањето за одобрување на возен ред и за промена на одобрен возен ред ги содржи следните податоци : полн назив, седиште и адреса на превозникот, матичен број и даночен број на превозникот, вид на превозот за кој се бара одобрување на возниот ред, односно промена на возен ред за кој е издадена дозвола.

Кон барањето превозникот ги приложува следните документи како доказ за исполнување на условите за одобрување на возен ред и тоа:

- копие од лиценца за општински линиски превоз, издадена од општините: Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.
- копие од сите возни редови за линии кои му се одобрени,
- број на возила (сопствени или по договор за лизинг) со кои располага превозникот,
- предлог на возен ред за линијата изготвен на пропишан образец и
- број на вработени возачи во редовен работен однос во зависност од бројот на возилата со кои ќе го врши превозот, минимум еден возач по возило (фотокопија од обдасците М-1/2 и потврда од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за платени придонеси не постара од три месеци за секој возач пооделно).
- вид на превозот за кој се бара одобрување на возниот ред, односно промена на возен ред

Барањето треба да биде потпишано и заверено од законскиот застапник на превозникот.

Член 15

Барањата за одобрување возни редови за нови линии или промена на возни редови на одобрени линии ги разгледува Комисија составена од 5 (пет) члена и тоа по 1 член од секоја Општина потписничка на оваа спогодба и еден од здруженијата на превозници во патниот сообраќај.

Делегирање т.е. именување на член на Комисијата утврдено со овој член ќе врши градоначалникот на соодветната Општина.

Член 16

Комисијата од член 15 од оваа Спогодба во рок од 30 дена по завршувањето на огласот за својата работа поднесува извештај и предлог на листа на одобрени, односно одбиени барања до градоначалниците на општините во зависност од седиштето на регистрираното правно лице, односно адресата на превозникот.

Врз основа на одобрените листи градоначалникот во рок од 15 дена донесува решение со кое возниот ред на линијата се одобрува или одбива.

Примерок од решението се доставува до превозникот.

Против решението на градоначалникот од овој член превозникот има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.

Член 17

Возниот ред се истакнува:

- во возилото и
- почетната, крајната станица и попатните станици.

Секој превозник својот регистриран возен ред го истакнува посебно.

Член 18

Превозникот е должен да ги одржува линиите согласно регистрираниот возен ред.

Член 19

Возниот ред и правецот на движење (итенерер) не можат да се менуваат пред истекот на важење на дозволата.

По исклучок, возниот ред и правецот на движење (итенерерот) можат да се изменат ако е тоа потребно заради промени кои настанале поради виша сила, ако тие промени се предизвикани поради реконструкција и пуштање

во сообраќај на нови патишта или поради други вонредни настани .

Член 20

За време на важење на дозволата превозот може привремено или трајно да се запре само под услови предвидени со Законот за превоз во патниот сообраќај кои важат и за меѓуопштинскиот линиски превоз на патници.

## IV- ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИ СТОЈАЛИШТА, НИВНО ОБЕЛЕ-ЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 21

Автобуско стојалиште е простор определен за застанување на возилата и безбедно влегување и излегување на патниците определени согласно возниот ред.

Член 22

Влегување и излегување на патниците, односно товарање и истоварање на багаж се врши на почетните и крајните станици како и попатните стојалишта што се внесени во дозволата и возниот ред на линијата.

Член 23

Локациите на стојалиштата и терминусите се утврдени во единствената мрежа на линии на оваа Спогодба.

Изградба, обележување и одржување на истите се врши на начин и услови утврдени со Програмите за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта на општините, потписнички на оваа Спогодба.

За користење на стојалиштата превозниците плаќаат надомест.

Висината на надоместокот од став 3 на овој член ја утврдуваат Советите на општините потписнички на оваа Спогодба.

Член 24

Иницијатива за покренување постапка за измена на локациите на стојалишта можат да поднесат месните заедници, превозниците и граѓаните до Советите на општините потписнички на оваа Спогодба.

Советите на општините од став 1 на овој член одлучуваат за измена на локациите на стојалиштата.

## V- ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА

Член 25

Со тарифниот систем се определува цената на превозот во заедничкиот превоз на патници.

Највисока цена на превозот од став 1 на овој член изнесува:

- до 3 километри .............................. 10 ден;
- од 3 до 5 километри........................ 15 ден;
- од 5 до 10 километри...................... 20 ден;
- од 10 до 15 километри.................... 30 ден;
- од 15 до 20 километри.................... 40 ден; и
- над 20 километри............................ 50 ден.

Член 26

Превозните услуги се наплаќаат преку фискален апарат во возилото во висина на утврдената тарифа од член 25 на оваа Спогодга.

## VI- КРИТЕРИУМИ И НАЧИН ЗА ИЗДАВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕВОЗОТ И РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ВОЗНИТЕ РЕДОВИ

Член 27

Постапката за добивање и одземање на дозвола за редовен линиски превоз на патници во заедничкиот превоз на патници опфаќа одделни дејствија со кои определено правно или физичко лице кое поседува лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници за општините потписнички на оваа Спогодба, се стекнува со право да врши линиски превоз на патници на определена линија, согласно регистриран возен ред.

Член 28

При усогласувањето на возните редови комисијата од член 15 од ова Спогодба да обезбеди најцелесообразно задоволување на потребите и квалитетот на услугите во превозот

на патниците со рационално користење на превозните капацитети на превозниците.

Усогласувањето на возните редови се врши под следните критериуми:

- првенство на отварање на нова линија како и за зголемување на бројот на поаѓањата на постојните линии да имаат превозниците чии седишта се наоѓаат на терминусите (крајните станици).
- при изборот на времето на поаѓањето, првенство на избор на време на поаѓање на постојана линија да имаат превозниците кој веќе вршат превоз на таа линија, а меѓу нив превозникот кој најдолго врши превоз на таа линија, редовно и уредно ја одржувал линијата во претходната сезона,
- редовно ги плаќа придонесите по основ на вработување.

Член 29

Превозникот во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од член 16 став 2 од Спогодбата, до Општината доставува барање за регистрација на одобрениот возен ред и издавање на дозвола за линијата за која возниот ред е одобрен.

Кон барењето за регистрација на одобрениот возен ред и издавање на дозвола се приложуваат следните документи :

- решение за одобрен возен ред,
- одобрениот возен ред изготвен на пропишан образец,
- доказ за платена административна такса за регистрација на возниот ред,
- доказ за платена административна такса за издавање на дозволата (зависно од бројот на дозволи).

Член 30

Дозволата се издава најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.

Дозволата се издава во соодветен број на примероци колку што има одобрено поаѓања во возниот ред, по барање на превозникот можат да се издадат и повеќе примероци на негов трошок.

Член 31

Важноста на возниот ред и дозволата за вршење на линиски превоз на патници се продолжува на барање на превозникот.

Барањето за продолжување на возниот ред и дозволата се поднесува до Општината во зависност од седиштето на регистрираното правно лице, односно адресата на превозникот и тоа најдоцна 30 дена пред истекот на важноста.

Кон барањето за продолжување на возниот ред, превозникот е должен да ги приложи следните документи :

- копија од лиценца за општински линиски превоз на патници,
- список на возила во сопственост, односно возила што ги користи по договор за лизинг со копија од сообраќајните дозволи за сите возила,
- список на возачи во редовен работен однос и доказ за платени придонеси по основ на вработување,
- доказ за платени административни такси.

Член 32

Возниот ред и дозволата за линиски превоз на патници може да престане да важи и пред истекот на рокот за кој е регистриран ако:

- превозникот престанал да ги исполнува условите врз основа на кои е издаден,
- престанала важноста на лиценцата за општински линиски превоз,
- на барање на превозникот и
- превозникот престанал да постои по други посебни прописи.

Член 33

Изгубена, оштетена или дотраена дозвола може да се замени со нова на барање на превозникот на негов трошок.

Кон барањето за издавање (замена) на нова дозвола согласно став 1 на овој член превозникот приложува доказ од кој може да се утврди дека истата е изгубена, дотраена или оштетена.

Член 34

Надзор над спроведување на одредбите на оваа Спогодба вршат Одделенијата за сообраќај и комунални работи на општините потписнички на оваа Спогодба.

Член 35

Инспекциски надзор над примената на одредбите на оваа Спогодба го вршат овластените инспектори за патен сообраќај на општините потписнички на оваа Спогодба, во рамките на подрачјето за општината за која се назначени, согласно Законт за превоз во патниот сообраќај.

Член 36

Измена и дополнување може да бара секоја од општините потписничка на Спогодбата, со меѓусебна усогласеност и на останатите Општини.

Член 37

Оваа Спогодба важи од денот на потпишувањето, а ќе биде изработена во пет (пет) примероци, по еден за општините потписнички и еден за Министерството за транспорт и врски.

Бр. 07-3727/1
23.08.2007 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Зоран Заев с.р.

Бр. 07-1231/1
19.06.2007 год.
Б о с и л о в о

Општина Босилово
Градоначалник,
Георге Манушев с.р.

Бр. 07-1285/1
25.06.2007 год.
В а с и л е в о

Општина Василево
Градоначалник,
Славе Христов с.р.

Бр. 07-1636/1
22.06.2007 год.
Но в о С е л о

Општина Ново Село
Градоначалник,
Никола Андонов с.р.